**Внатрешно упатство: Информации за корисникот**

**Saxenda®/Саксенда® 6 mg/ml раствор за инјектирање во претходно наполнето пенкало**
liraglutide

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството бидејќи истото содржи важни информации за Вас.**
- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар, фармацевт или медицинска сестра.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично. Не треба да им го давате на други лица бидејќи може да им наштети дури и ако нивните знаци се исти како Вашите.
- Ако добиете некои од несаканите дејства, разговарајте со Вашиот лекар, фармацевт или медицинска сестра. Ова ги вклучува и кои било можни несакани дејства коишто не се наведени во ова упатство. Видете во делот 4.

**Што содржи ова упатство**


1. Што претставува Саксенда® и за што се употребува
2. Што треба да знаете пред да земете/употребите Саксенда®
3. Како да земате/употребувате Саксенда®
4. Можни несакани дејства (реакции)
5. Како да го чувате лекот Саксенда®
6. Содржина на пакувањето и други информации


## 1. Што претставува Саксенда® и за што се употребува

**Што претставува Саксенда®**
Саксенда® е лек за намалување на телесна тежина што содржи активна супстанција лираглутид. Сличен е на природниот хормон наречен глукагон-сличен пептид-1 (GLP-1) кој се ослободува од цревата по оброк. Саксенда® делува на рецепторите во мозокот кои го контролираат Вашиот апетит, предизвикувајќи да се чувствувате полни и помалку гладни. Ова може да Ви помогне да јадете помалку храна и да ја намалите телесната тежина.

**За што се користи Саксенда®**
Саксенда® се користи за намалување на тежината како дополнување на диета и вежбање кај возрасни лица на возраст од 18 и повеќе години, а кои имаат
- ИТМ со вредност 30 kg/m² или поголема (дебелина) или
- ИТМ со вредност 27 kg/m² и помалку од 30 (натхранетост) и здравствени проблеми поврзани со телесната тежина (како што се дијабетес, висок крвен притисок, нарушени нивоа на маснотии во крвта или проблеми со дишењето за време на спиењето наречено „опструктивна ноќна апнеа“).

ИТМ (Индекс на телесна маса), на англиски BMI (Body Mass Index) е мерка за Вашата тежина во однос на Вашата висина.

Треба да продолжите да користите Саксенда® само ако сте изгубиле најмалку 5% од почетната телесна тежина по 12 недели на дозата од 3,0 mg/ден (видете дел 3). Консултирајте се со Вашиот лекар пред да продолжите.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP * СКОПЈЕ

Саксенда® може да се користи како дополнување на здрава исхрана и зголемена физичка активност за справување со телесната тежина кај адолесценти на возраст од 12 години или повеќе кои имаат:

- дебелина (дијагностицирана од лекар)
- телесна тежина над 60 kg

Треба да продолжите да користите Саксенда® само ако сте изгубиле најмалку 4% од Вашиот ИТМ (BMI) по 12 недели на дозата од 3,0 mg/ден или максималната толерирана доза (видете дел 3). Консултирајте се со Вашиот лекар пред да продолжите.

**Диета и вежбање**
Вашиот лекар ќе Ви даде програма за диета (режим на исхрана) и вежбање. Придржувајте се до оваа програма додека употребувате Саксенда®

## 2. Што треба да знаете пред да земете/употребите Саксенда®

**Не земајте/употребувајте Саксенда® ако:**
- сте алергични на лираглутид или на која било од другите состојки во овој лек (наведени во делот 6).

**Предупредувања и мерки на претпазливост**
Разговарајте со Вашиот лекар, фармацевт или медицинска сестра пред да употребувате Саксенда®.

Употребата на Саксенда® не се препорачува ако имате тешка срцева слабост.

Искуството кај пациенти на возраст од 75 години и постари е мало. Овој лек не е препорачано да се користи кај пациенти на возраст од 75 години и постари.

Има мало искуство кај пациенти со бубрежни проблеми. Доколку имате проблеми со бубрезите или сте на дијализа, консултирајте се со Вашиот лекар.

Има мало искуство кај пациенти со проблеми со црниот дроб. Доколку имате проблеми со црниот дроб, консултирајте се со Вашиот лекар.

Употребата на овој лек не се препорачува кај пациенти со тешки стомачни и цревни заболувања што резултираат со одложено празнење (наречено гастропареза), или воспалени црева.

Ако знаете дека ќе треба да имате операција каде што ќе бидете под анестезија (спиење), ве молиме кажете му на вашиот лекар дека користите Саксенда®.

Луѓе со дијабетес

Доколку имате дијабетес, не користете Саксенда® како замена за инсулин.

Воспаление на панкреасот

Консултирајте се со Вашиот лекар ако имате или сте имале некое заболување на

панкреасот.

Воспаление на жолчниот меур и појава на жолчни камења

Ако изгубите значителна тежина, постои ризик од појава на жолчни камења, а со тоа постои ризик од воспаление на жолчниот меур. Престанете да земате Саксенда® и веднаш контактирајте лекар ако почувствувате голема болка во горниот дел на стомакот, која најчесто е најсилна на десната страна под ребрата. Болката може да се почувствува низ грбот или десното рамо. Видете го делот 4.

Заболување на штитната жлезда

Ако имате заболување на штитната (тиреоидната) жлезда, вклучувајќи и грутки и зголемување на штитната жлезда, посоветувајте се со Вашиот лекар.

Срцев пулс

Разговарајте со Вашиот лекар ако за време на лекувањето со Саксенда® имате палпитации (се чувствувате свесни за срцевиот ритам) или ако имате чувство на забрзани отчукувања на срцето додека се одморате.

Губење на течности и дехидратација

При започнување на третман со Саксенда®, може да изгубите телесни течности или да дехидрирате. Ова може да се должи на чувството на гадење (наузеа), повраќање и дијареа. Важно е да избегнувате дехидратација со пиење на многу течности. Контактирајте го Вашиот лекар, фармацевт или медицинска сестра доколку имате прашања или сте загрижени. Погледнете го делот 4.

**Деца и адолесценти**

Безбедноста и ефикасноста на Саксенда® не е докажана кај деца на возраст под 12 години.

**Други лекови и Саксенда®**

Кажете му на Вашиот лекар, фармацевт или медицинска сестра ако земате, ако неодамна сте земале или пак можеби ќе земате некои други лекови.

Особено кажете му на Вашиот лекар, фармацевт или медицинска сестра:

- ако употребувате лекови за дијабетес наречени „сулфонилуреа“ (како глимепирид или глибенкламид) или ако употребувате инсулин - може да Ви се намали шеќерот во крвта (низок шеќер во крвта - хипогликемија) кога овие лекови се употребуваат со Саксенда®. Вашиот лекар може да ја прилагоди дозата на лекот за дијабетес за да спречи да добиете низок шеќер во крвта. Погледнете го делот 4 за предупредувачките знаци на низок шеќер во крвта. Ако ја прилагодувате дозата на Вашиот инсулин, Вашиот лекар може да Ви препорача почесто следење на шеќерот во крвта.
- ако употребувате варфарин или други лекови кои се земаат преку уста за намалување на згрутчувањето на крвта (антикоагулантни лекови). Може да биде потребно почесто тестирање на крвта за да се определи способноста на Вашата крв за згрутчување.

**Бременост и доење**

Саксенда® не треба да се употребува за време на бременост, ако мислите дека сте

бремена или планирате да имате бебе, бидејќи не е познато дали Саксенда® може да му наштети на бебето.

Немојте да доите доколку употребувате Саксенда®, бидејќи не е познато дали Саксенда® се излачува преку мајчиното млеко.

**Влијание врз способноста за возење или ракување со машини**
Саксенда® не би требало да влијае врз Вашата способност за возење или ракување со машини.
Некои пациенти можат да почувствуваат вртоглавица кога употребуваат Саксенда® главно во текот на првите 3 месеци од третманот (погледнете го делот **„Можни несакани дејства (реакции)“**). Доколку почувствувате вртоглавица бидете особено внимателни додека возите или ракувате со машини. Доколку Ви се потребни дополнителни информации разговарајте со Вашиот лекар.

**Важни информации за некои од состојките на Саксенда®**
Овој лек содржи помалку од 1 mmol натриум (23 mg) по доза, односно во суштина е лек без натриум.

## 3. Како да земате/употребувате Саксенда®

Секогаш употребувајте го овој лек точно како што тоа Ви го објаснил Вашиот лекар. Консултирајте се со Вашиот лекар, фармацевт или медицинска сестра доколку не сте сигурни.

Вашиот лекар ќе Ви даде програма за диета и вежбање. Останете на оваа програма додека користите Саксенда®.

**Колкава доза да инјектирате**

Возрасни
Вашиот третман ќе започне со мала доза која постепено ќе се зголемува во првите пет недели од третманот.

- Кога првпат ќе почнете да ја користите Саксенда®, почетната доза е 0,6 mg еднаш дневно, најмалку една недела.
- Вашиот лекар ќе Ви даде инструкции за постепено зголемување на дозата за 0,6 mg вообичаено секоја недела, сè додека не се постигне препорачаната доза од 3,0 mg дневно.

Вашиот лекар ќе Ви каже колкава доза Саксенда® да употребувате секоја недела. Најчесто ќе Ви биде кажано да ги следите инструкциите од табелата подолу.

| **Недела** | **Доза** |
|---|---|
| **Недела 1** | 0,6 mg еднаш дневно |
| **Недела 2** | 1,2 mg еднаш дневно |
| **Недела 3** | 1,8 mg еднаш дневно |
| **Недела 4** | 2,4 mg еднаш дневно |
| **Недела 5 и понатаму** | 3,0 mg еднаш дневно |

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE SHKUP СКОПЈЕ

Кога ќе ја достигнете препорачаната доза од 3,0 mg еднаш дневно во 5тата недела од третманот, продолжете со истата доза до крајот на третманот. Не ја зголемувајте дозата понатаму.

Вашиот лекар редовно ќе го проценува Вашиот третман.

Адолесценти (≥ 12 години)
За адолесценти на возраст од 12 до под 18 години треба да се примени сличен распоред за зголемување на дозата како кај возрасните (видете ја горната табела за возрасни). Дозата треба да се зголемува додека не се достигне 3,0 mg (доза на одржување) или максималната толерирана доза. Не се препорачуваат дневни дози повисоки од 3,0 mg.

**Како и кога да употребувате Саксенда®**

- Пред да го употребите пенкалото за прв пат, Вашиот лекар или медицинска сестра ќе Ви покажат како да го употребувате пенкалото.
- Можете да употребувате Саксенда® во кое било време од денот, со или без храна и пијалаци.
- Употребувајте ја Саксенда® во истиот период од денот - одберете период од денот кој Вам најмногу Ви одговара.

**Каде да инјектирате**
Саксенда® се става како инјекција под кожа (супкутано).

- Најдобри места за инјектирање се предниот дел од половината (абдоменот), предниот дел од натколеницата или надлактицата.
- Менувајте го местото на инјектирање секој ден за да го намалите ризикот од појава на грутки.
- Немојте да инјектирате во вена или мускул.

Деталните упатства за употреба се прикажани на другата страна од ова упатство.

**Пациенти со дијабетес**
Известете го Вашиот лекар доколку имате дијабетес. Вашиот лекар може да ја прилагоди дозата на Вашите лекови за дијабетес со цел да се избегне ниско ниво на шеќер во крвта.

- Не ја побркувајте Саксенда® со други лекови кои ги инјектирате (пр. инсулини)
- Не употребувајте Саксенда® во комбинација со други лекови кои содржат GLP-1 рецептор агонисти (како ексенатид и ликсисенатид)

**Ако сте земале/употребиле поголема доза Саксенда® отколку што треба**
Ако употребите повеќе Саксенда® отколку што треба, разговарајте со Вашиот лекар или веднаш одете во болница. Земете го пакувањето на лекот со Вас. Можеби ќе Ви биде потребен медицински третман. Може да ги почувствувате следниве ефекти:

- чувство на гадење (наузеа)
- повраќање
- низок шеќер во крвта (хипогликемија). Ве молиме погледнете го делот „Чести несакани дејства“ за предупредувачките знаци на нискиот шеќер во крвта.

**Ако сте заборавиле да земете/употребите Саксенда®**

- Ако сте заборавиле да земете доза и се сетите во рок од 12 часа откако вообичаено ја земате дозата, инјектирајте веднаш штом се сетите.
- Доколку поминале повеќе од 12 часа откако сте требале да земете Саксенда®, прескокнете ја пропуштената доза и инјектирајте ја следната доза следниот ден во

вообичаеното време.

- Следниот ден не инјектирајте двојна ниту зголемена доза за да ја надоместите пропуштената доза.

**Ако прекинете со употреба на Саксенда®**
Не прекинувајте со употреба на Саксенда® пред да разговарате со Вашиот лекар.

Ако имате дополнителни прашања во врска со употребата на лекот, обратете се кај Вашиот лекар, фармацевт или медицинска сестра.

**4. Можни несакани дејства (реакции)**

Како и сите лекови и овој лек може да има несакани дејства иако не секој ги добива.

**Сериозни несакани дејства (реакции)**

Некои тешки алергиски реакции (анафилакса) се пријавени ретко кај пациенти кои употребувале Саксенда®. Веднаш треба да Ве види лекар доколку имате симптоми како што се проблеми со дишењето, оток на лицето и грлото и брзо отчукување на срцето.

Случаи на воспаление на панкреасот (панкреатитис) помалку често биле пријавувани кај пациенти кои користат Саксенда®. Панкреатитис е сериозна, потенцијално опасна по живот медицинска состојба.
Престанете да земате Саксенда® и веднаш контактирајте со лекар ако забележите некои од следните сериозни несакани реакции:

- Тешка и постојана болка во абдоменот (стомакот) која може да достигне до грбот, како и гадење и повраќање, бидејќи тоа може да биде знак на воспаление на панкреасот (панкреатитис).

**Останати несакани дејства (реакции)**

**Многу чести:** се јавуваат кај повеќе од 1 на 10 корисници

- Чувство на гадење (наузеа), повраќање, дијареа (пролив), констипација (запек), главоболка – најчесто се губат по неколку дена или недели.

**Чести:** се јавуваат кај до 1 на 10 корисници

- Проблеми кои ги засегаат стомакот и цревата, како што се неправилно варење (диспепсија), воспаление на слузницата на стомакот (гастритис), непријатност во стомакот, болки во горниот дел од стомакот, горуштица, чувство на надуеност, флатуленција (гасови), подждригнување и сува уста
- Чувство на измореност и слабост
- Променето чувство за вкус
- Вртоглавица
- Тешкотии при заспивање (инсомнија). Ова најчесто се појавува во првите 3 месеци од почетокот на третманот
- Камења во жолчниот меур
- Осип
- Реакции на местото на инјектирање (како на пр. модрици, болка, иритација, чешање и појава на осип)
- Низок шеќер во крвта (хипогликемија). Предупредувачките знаци на низок шеќер во крвта можат да настапат ненадејно и вклучуваат: студена пот, студена, бледа кожа,

главоболка, забрзано срцебиење, гадење, глад, промени во видот, поспаност, замор, слабост, нервоза, напнатост (анксиозност), зашеметеност (конфузност), тешкотии при концентрација и тресење (тремор). Вашиот лекар ќе Ви каже како да го третирате ниското ниво на шеќер во крвта и како да постапите при појава на предупредувачките знаци.

- Покачување на панкреатичните ензими како липаза и амилаза.

**Помалку чести:** се јавуваат кај до 1 на 100 корисници
- Загуба на течности (дехидратација). Ова е поверојатно да се појави на почетокот на терапијата и може да настане поради повраќање, гадење и дијареа
- Одложување на празнење на желудникот
- Воспаление на жолчното ќесе
- Алергиска реакција, вклучувајќи и осип
- Општо чувство на болест
- Забрзан пулс

**Ретки:** се јавуваат кај до 1 на 1 000 корисници
- Намалена функција на бубрезите
- Акутна бубрежна слабост. Знаците може да вклучуваат намалување на волуменот на урината, метален вкус во устата и лесно настанување на модрици.

**Непознато:** фреквенцијата не може да се процени од достапните податоци
- Цревна опструкција. Тешка форма на запек со дополнителни симптоми како болка во стомакот, надуеност, повраќање итн.
- Грутки под кожата кои може да бидат предизвикани од таложење на протеин наречен амилоид (кожна амилоидоза; колку често ова се случува не е познато).

**Пријавување на несакани дејства**
Ако забележите какви било несакани дејства, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар, фармацевт или медицинска сестра.
Ова ги вклучува и кои било несакани дејства кои не се наброени во ова упатство. Несаканите реакции од лековите може да ги пријавите и во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул. ,,Св.Кирил и Методиј" бр.54, кат 1) или по електронски пат преку веб страницата на Агенцијата http://malmed.gov.mk/

## 5. Како да го чувате лекот Саксенда®

Лекот чувајте го вон дофат и вид на деца.

Не употребувајте го овој лек по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на налепницата на пенкалото и на кутијата по знакот за „Важи до". Датумот на истекување на рокот се однесува на последниот ден од наведениот месец.

Пред прва употреба:

Чувајте го во фрижидер (2 °C – 8 °C). Не го замрзнувајте. Чувајте го подалеку од делот за замрзнување.

Откако ќе почнете да го употребувате пенкалото:

Пенкалото можете да го употребувате 1 месец ако го чувате на температура под 30 °C или

во фрижидер (2 °C – 8 °C). Не го замрзнувајте. Чувајте го подалеку од делот за замрзнување.

Кога не го употребувате пенкалото, чувајте го затворено со капачето на него со цел да го заштитите од светлина.

Не употребувајте го овој лек доколку растворот не е бистар и безбоен, или речиси безбоен.

Не фрлајте каков било лек преку отпадните води или со домашниот отпад. Прашајте фармацевт како да ги исфрлате лековите кои веќе не ги употребувате. Овие мерки ќе придонесат за заштита на околината.

**6. Содржина на пакувањето и други информации**

**Што содржи Саксенда®**
- Активната супстанција е лираглутид. 1 ml раствор за инјектирање содржи 6 mg лираглутид. Едно претходно наполнето пенкало содржи 18 mg лираглутид.
- Помошни супстанции се: динатриум фосфат дихидрат, пропилен гликол, фенол, хлороводородна киселина, натриум хидроксид (за подесување на pH) и вода за инјекции.

**Како изгледа Саксенда® и содржина на пакувањето**
Саксенда® е бистар, безбоен или речиси безбоен раствор за инјектирање во претходно наполнето пенкало. Секое пенкало содржи 3 ml раствор, со кое може да се инјектираатдози од 0,6 mg, 1,2 mg, 1,8 mg, 2,4 mg, и 3,0 mg.

Саксенда® е достапна во пакувања кои содржат 1,3 или 5 пенкала. Не мора сите пакувања да се достапни на пазарот.

Иглите не се вклучени.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот се издава во аптека само на рецепт.

**Производител**
Novo Nordisk A/S
Novo Allé
DK-2880 Bagsvaerd
Denmark

**Носител на одобрението за ставање на лекот во промет**
Ново Нордиск Фарма ДООЕЛ
ул. ,,Никола Кљусев'' бр.11
1000 Скопје, РС Македонија

**Број и датум на одобрението за ставање на лекот во промет**
11-10710/2 од 06.02.2025

**Датум на последна ревизија на текстот**
Април 2025

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP * СКОПЈЕ

**Инструкции за употреба на Саксенда® 6 mg/ml раствор за инјектирање во претходно наполнето пенкало**

**Ве молиме внимателно прочитајте го ова упатство** пред да го користите претходно наполнетото пенкало Саксенда®.

**Не користете го пенкалото без соодветна обука** од Вашиот лекар или медицинска сестра.

Започнете со проверка на пенкалото **за да бидете сигурни дека содржи Саксенда® 6 mg/ml**, а потоа погледнете ги сликите подолу за да се запознаете со различните делови од пенкалото и иглата.

**Ако сте слепи или имате слаб вид и не можете да го прочитате бројот на дози на пенкалото, не користете го ова пенкало без помош**. Побарајте помош од лице со добар вид кое е обучено за употреба на претходно наполнетото пенкало Саксенда®.

Вашето пенкало е претходно наполнето пенкало со можност за бирање дози. Пенкалото содржи 18 mg лираглутид и може да се инјектираат дози од 0,6 mg, 1,2 mg, 1,8 mg, 2,4 mg и 3,0 mg. Вашето пенкало е дизајнирано да се користи со НовоФаин® или НовоТвист® игли за еднократна употреба со должина до 8 mm и големина на отвор до 32 G.

Иглите не се вклучени во пакувањето.

### Важна информација

Прочитајте ги овие инструкции особено внимателно, бидејќи тие се важни за безбедно користење на пенкалото

**Саксенда® претходно наполнето пенкало и игла (пример)**




**1. Подгответе го Вашето пенкало со нова игла**

- **Проверете го името и бојата на налепницата** на пенкалото, за да бидете сигурни дека содржи Саксенда®. Ова е особено важно ако користите повеќе од еден тип на лек кој се инјектира. Употребата на погрешен лек може да биде штетна за Вашето здравје.
- **Извадете го капачето на пенкалото.**




- **Проверете дали растворот во пенкалото е бистар** и безбоен. Погледнете низ прозорецот на пенкалото. Ако растворот е заматен не го користете пенкалото.




- **Земете нова игла** и отстранете ја хартиената заштита.




**Бидете сигурни дека сте ја поставиле иглата правилно.**

- **Притиснете ја иглата право на пенкалото.**
- **Вртете сé додека не е цврсто поставена.**




- **Иглата е покриена со две капачиња. Мора да ги извадите двете капачиња.** Ако заборавите да ги извадите двете капачиња, **нема** да инјектирате раствор

- **Извлечете го надворешното капаче на иглата и чувајте го за подоцна.** Ќе Ви биде потребно за безбедно да ја отстраните иглата од пенкалото, после инјектирањето.




- **Извлечете го внатрешното капаче на иглата и фрлете го.** Доколку се обидете да го ставите повторно, можно е ненамерно да се боцнете со иглата.
  Капка раствор може да се појави на врвот на иглата. Ова е нормално, но Вие сепак мора да го проверите протокот, ако прв пат користите ново пенкало.
  **Немојте да прикачувате нова игла** на пенкалото додека не сте подготвени да ја земете Вашата инјекција.

⚠ **Секогаш користете нова игла за секое инјектирање.**
Ова може да спречи блокирање на иглите, контаминација, инфекција и неточни дозирања.

⚠ **Никогаш не користете свиткана или оштетена игла.Никогаш не користете свиткана или оштетена игла.**




## 2. Проверка на протокот на секое ново пенкало

- Доколку веќе сте го употребиле пенкалото, преминете на Чекор 3 „Бирање на дозата". Проверете го протокот само пред **првото инјектирање со секое ново пенкало.**
- Вртете го бирачот на доза до **знакот за проверка на проток** ( ) веднаш после 0. Бидете сигурни дека знакот за проверка на протокот е изедначен со покажувачот.



- Држете го пенкалото со иглата насочена нагоре.
  **Притиснете го и држете го копчето за доза** сè додека бројачот на доза не се врати на 0.
  Нулата мора да се изедначи со покажувачот на доза.
  На врвот од иглата треба да се појави капка раствор.

  Мала капка може да заостане на врвот на иглата, но таа нема да се инјектира.
  **Доколку не се појави капка,** повторете го чекор 2 „Проверете го протокот на секое ново пенкало" до 6 пати. Ако сè уште не се појави капка, сменете ја иглата и повторете го чекор 2 „Проверете го протокот на секое ново пенкало" уште еднаш.
  **Ако сè уште не се појави капка**, фрлете го пенкалото и употребете ново.

⚠ **Секогаш пред инјектирање бидете сигурни дека ќе се појави капка** на врвот на иглата пред да го употребите новото пенкало за прв пат. Со тоа ќе бидете сигурни дека има проток на растворот. Доколку не се појави капка, Вие воопшто **нема** да инјектирате лек, иако бројачот на доза може да се помести. **Ова може да посочува на блокирана или оштетена игла.**
Доколку не го проверите протокот пред првото инјектирање со секое ново пенкало, може да не ја добиете пропишаната доза и посакуваниот ефект на Саксенда®.




**3. Бирање на доза**

- **Свртете го бирачот на доза додека бројачот на дози не ја покаже Вашата доза (0,6 mg, 1,2 mg, 1,8 mg, 2,4 mg или 3,0 mg)**
  Доколку сте избрале погрешна доза, може да го вртите бирачот на доза напред или назад до потребната доза.
  Пенкалото може да бира до максимум 3,0 mg.

  Бирачот на дози ја менува дозата. Само бројачот на дози и покажувачот на доза ќе покажат колку mg по доза сте избрале.
  Може да изберете до 3,0 mg по доза. Кога Вашето пенкало содржи помалку од 3,0 mg, покажувачот на доза ќе запре пред да се покаже 3,0.

Бирачот на дози кликнува различно кога го вртите нанапред, наназад или ќе го надминете бројот на преостанати mg. Немојте да ги броите кликнувањата на пенкалото.

⚠ **Пред да го инјектирате лекот, секогаш користете го бројачот и покажувачот на доза за да видите колку mg сте избрале.**
Немојте да ги броите кликнувањата на пенкалото.
Немојте да ја користите скалата на пенкалото. Таа само приближно Ви покажува колку раствор преостанал во Вашето пенкало.
**Само дози од 0,6 mg, 1,2 mg, 1,8 mg, 2,4 mg или 3,0 mg мора да бидат избрани со бирачот на доза.** Избраната доза мора да се изедначи со покажувачот на доза за да се осигурате дека ќе ја примите точната доза.




**Колку раствор Ви преостанува?**

- **Скалата на пенкалото** Ви покажува **приближно** колку раствор Ви преостанува.




- **За да видите точно колку раствор е останат**, користете го бројачот за дози: свртете го бирачот на доза додека **бројачот на дози да запре.**
  Доколку покажува 3,0 mg, **најмалку 3,0 mg** се останати во пенкалото. Доколку **бројачот на дози запре пред 3,0 mg,** тогаш нема доволно раствор за целосна доза од 3,0 mg.

**Ако Ви треба повеќе лек од тоа што е останато во пенкалото**
Само доколку сте обучени или Ве советувал Вашиот лекар или медицинска сестра, може да ја поделите дозата помеѓу сегашното и новото пенкало. Употребувајте калкулатор за да ги испланирате дозите онака како што Ви објаснил Вашиот лекар или медицинска сестра.

⚠ **Бидете многу внимателни за правилно да ја пресметате дозата**.

Доколку не сте сигурни како да ја поделите Вашата доза кога користите две пенкала, тогаш одберете и инјектирајте целосна доза од ново пенкало.




**4. Инјектирање на Вашата доза**

- **Внесете ја иглата низ кожата,** како што Ви покажал Вашиот лекар или медицинска сестра.
- **Бидете сигурни дека можете да го видите бројачот на доза.** Не допирајте го бројачот на доза со прстите. Ова може да го прекине инјектирањето.




- **Притиснете го и држето го копчето за доза. Гледајте сè додека бројачот на доза не се врати на 0.** Нулата мора да се изедначи со покажувачот на доза. Тогаш може да слушнете или почувствувате клик.
- **Продолжете да го притискате копчето за доза додека ја држите иглата во кожа.**




- **Бројте пополека до 6 додека го држите копчето за доза притиснато.**
- Доколку иглата ја извадите порано, може да забележите како растворот се излева од иглата. Доколку е така, нема да се испорача целосната доза.




- **Извадете ја иглата од кожата.** Тогаш може да го отпуштите копчето за доза.

  Доколку се појави крв на местото на инјектирање, нежно притиснете.

  После инјектирањето, можно е да видите капка раствор на врвот на иглата. Ова е нормално и не влијае на Вашата доза.

⚠ **Секогаш внимавајте на бројачот за доза за да знаете колку mg инјектирате.** Држете го копчето за доза притиснато сè додека бројачот на доза не покаже 0.
**Како да препознаете оштетена или блокирана игла?**

- Ако 0 не се појави на бројачот на доза после континуирано притискање на копчето, можеби сте употребиле блокирана или оштетена игла.
- Во овој случај - **не** сте примиле **воопшто** лек – иако бројачот се поместил од онаа доза што сте ја наместиле.

**Како да постапите со блокирана игла?**
Сменете ја иглата како што е опишано во чекор 5 „После инјектирање“, и повторете ги сите чекори, почнувајќи од чекор 1 „ Подгответе го Вашето пенкало со нова игла“. Внимавајте да ја изберете целата доза која Ви е потребна.

**Никогаш не го допирајте бројачот кога инјектирате.** Ова може да го прекине инјектирањето.




**5. По инјектирање**

- **Секогаш отстранете ја иглата по секоја употреба за да обезбедите удобно** инјектирање и да спречите блокирање на иглите. Ако иглата е блокирана, **нема** да инјектирате лек.
- На рамна површина **ставете ја иглата во надворешно капаче** без да ја допирате иглата или надворешното капаче.




- Кога иглата е покриена, **внимателно притиснете го надворешното капаче на иглата до крај.**
- **Одвртете ја иглата** и внимателно фрлете ја, како што ви е наложено од Вашиот доктор, медицинска сестра, фармацевт или локалните власти.




- **Вратете го капачето на** пенкалото по секое инјектирање, за да го заштитите растворот од светлина.

Кога пенкалото е празно**,** фрлете го **без** прикачена игла на него**,** како што Ви кажал Вашиот лекар, медицинска сестра, фармацевт или според барањата на локалните власти.

⚠ **Никогаш не обидувајте се да го ставите внатрешното капаче на иглата назад на иглата.** Може да се боцнете на иглата.

⚠ **Секогаш, по секое инјектирање отстранувајте ја иглата од Вашето пенкало**. Ова може да спречи блокирање на иглата, контаминација, инфекција, протекување на растворот и неточно дозирање.




⚠ **Понатамошни важни информации**

- Секогаш чувајте го Вашето пенкало и иглите **вон вид и дофат за други лица**, особено деца.
- **Никогаш не споделувајте го** Вашето пенкало или иглите со други лица.
- Негувателите мора **да бидат многу претпазливи кога ракуваат со користени игли** - со цел да го намалат ризикот од повреди и пренесување на инфекција.
- Менувајте го местото на инјектирање секој ден за да го намалите ризикот од појава на грутки.

## Грижа за Вашето пенкало

- **Не го оставајте Вашето пенкало во автомобил** или на други места кадешто може да биде премногу топло или студено.
- **Не инјектирајте Саксенда® која била замрзната**. Доколку го направите ова, нема да го постигнете посакуваниот ефект на лекот.
- **Не изложувајте го Вашето пенкало на прашина, нечистотија или течност.**
- **Немојте да го миете, потопувате или подмачкувате вашето пенкало**. **Може да се исчисти** со крпа натопена со благ детергент.
- **Немојте да го испуштате пенкалото** или да го удирате на тврди површини. Доколку го испуштите или се сомневате дека има проблем, прикачете нова игла и проверете го протокот на растворот пред да инјектирате.
- **Не се обидувајте повторно да го наполните пенкалото.** Откако еднаш ќе се испразни, мора да го фрлите.
- **Не обидувајте се да го поправите** или да го расклопите **Вашето пенкало.**